

По признавањето на христијанската религија за државна вера во римската империја, бил нанесен голем пораз на древните храмови и светилишта. Но, подоцна уништените античките храмови одново започнале да се обновуваат, и тие села биле третирани како свети места. Односот на христијаните кон старите објекти се изменил и тие често оделе кај овие свети места, најчесто со лековити извори, како што порано правеле домородците. На многу места каде што постоеле антички светилишта, христијаните граделе цркви и манастири. Така се зачувале старите обичаи за лековитоста на некои извори покрај црквите и манастирите.

Најмногу географски имиња поврзани со религијата останале од средните векови. Тие се среќаваат во атарите на повеќе села во Овчеполието, како имиња на месности. Најчести се топонимите: Манастир, Манастириште, Црквиче, Стара Црква, Бела Црква, Крст и Калуѓер. Местата каде постоеле манастири и цркви во средните векови го зачувале ова име до денес. Вакви топоними има во атарите на селата Богословец (Црквиште), Немањици (Латинска Црква, Црквиште и Манастириште), Макреш (Манастириште), Ќоселери (Манастир), Крушица (Бела Црква и Стара Црква), Павлешенци (Црквиште), Строиманци (Илин Крст), Кадрифаково (Црквиче), Ѓуземелци (Стара Црква, Бела Црква и Крст), Сопот (Стара Црква), Стањевци (Црквиште), Ранченци (Бошкова Црква), Долно Ѓуѓанци (Латинска Црква), Буриловци (Попов Крст) и многу други. Од вакните имиња на месности може да се заклучи дека таму некогаш постоеле црковни објекти, кои биле уништени и напуштени.

Некои имиња на населени места и месности во нивните атари се поврзани со името на некој светител или верско лице. Градот Свети Николе го добил името по светителот Свети Николај, односно по црквата посветена на него. Селото Богословец, како што

веќе рековме, името го добило по саканиот апостол евангелист Јоан Богослов, кај Богомилите псевдоавтор на Тајната Книга на Богомилите. Топонимот Света Петка во атарите на селата Мечкуевци и Малино потекнува од манастирските цркви посветени на Света Петка. Топонимот Калуѓер е евидентиран во атарот на селото Арбасанци, каде некогаш бил убиен калуѓер – човек кој припаѓа на црковниот ред и живее во манастир.

Лазар Серафимов, учител (1933 – 2013)